**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-12/2**
**Скопје, 09.01.2009 година**

**УНИВЕРЗИТЕТ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ„ - БИТОЛА**

**ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ- БИТОЛА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет „Св Климент Охридски„- Битола, Технички факултет Сметка за приходи од самофинансирачки активности на РМ, за 2007 година, кои се прикажани на страните 8, 9 и 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија , ниту сме издале каков било извештај за финансиските извештаи на Универзитет „Св.Климент Охридски„- Битола, Технички факултет - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Проф. д-р Весна Микаровска, декан

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 06.10-21.11.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Спротивно на Уредбата за издатоци за службени патувања во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци исплатата на дневниците за службени патувања во странство се врши во висина од 100 % од утврдената дневница со Решението за највисоките износи на дневници за службени патувања во странство не зависно од утврдените критериуми што ја детерминираат висината на дневницата. Неправилната примена на Уредбата има за ефект исплати на дневници за службени патувања во странство во повисок износ од утврденото право.

**Препорака**

1. Деканот на факултетот со интерен акт да утврди примена на Уредбата за издатоци за службени патувања во странство што на органите на управата и се признаваат во тековни трошоци и висината на дневниците за службени патувања во странство да се утврдува во зависност од тоа дали издатоците за сместување и исхрана паѓаат на товар на факултетот.

10.2. **Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.2.1. Поради ненавремено и неажурно евидентирање на сметководствените промени податоците регистрирани во деловните книги на Техничкиот факултет Битола не се презентирани хронолошки односно не го одразуваат точно временскиот редослед на нивното настанување, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради ваквиот начин на евидентирање признавањето на приходите и расходите не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување што има за ефект нереално прикажување на приходите и расходите, неусогласеност на вишокот на приходи за пренос во наредната година со паричните средства и не усогласеност на изворите на капитални средства со сегашната вредност на постојаните средства.

**Препорака**

1 Одговорниот сметководител да обезбеди ажурност и навременост во евидентирањето на сметководствените промени согласно сметководственото начело на парично искажување и да спроведе соодветни исправки и усогласувања на пооделните сметки во аналитичката евиденција и главната книга.

### 10.3. Неправилности во искажување на приходите/расходите

10.3.1. Ревизијата не се увери во целосноста на приходите од продажба на учебници и обрасци (пријави и тетратки за испит и сл.), остварени преку скриптарата на Факултетот во износ од 2.944 илјади денари поради невоспоставена материјална евиденција по наслови на учебници/обрасци ниту материјално задолжување на одговорното лице во скриптарата со целокупната количина/тираж. Поради тоа се остава простор продажбата на целокупниот тираж на учебници за кои издавач е Техничкиот факултет Битола да не се врши институционално на организиран начин во согласност со единствените основи за остварување на издавачката дејност на високообразовните установи на Универзитетот „Св Климент Охридски„ Битола. Не воспоставената материјална евиденција согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници создава ризик од помалку остварени приходи на Факултетот и влијае на реалноста на позицијата Залихи од Билансот на состојба.

10.3.2. Од ставката договорни услуги се исплатени 27.557 илјади денари по основ на „зголемен обем на работа во наставната, научно-истражувачката и применувачката дејност, редовност, ангажираност околу уписите на студентите и имплементација на европскиот кредит трансфер систем“. Исплатите се извршени врз основа на одлуки кои периодично се донесувани од Деканатската управа на Техничкиот факултет во Битола. Поединечните исплати за наставничкиот и соработничкиот кадар се во висина на бодовите утврдени за основната плата и семестрално утврден надоместок за ангажираност (варијабила), а за стручната служба на Факултетот во висина на бодовите утврдени за основната плата.
Ревизијата не се увери во основаноста на извршените исплати поради следното:

- зголемениот обем на работа на наставничкиот и соработничкиот кадар кој согласно нормативниот акт зависи од вкупниот број на студенти по наставник/соработник, бројот на часови од активни предмети, бројот на активни предмети во семестарот и бројот на предмети за настава со 5 или помалку студенти веќе еднаш е исплатен од оваа сметка во износ од 1.420 илјади денари преку варијабилата како додаток при исплатата на основната плата од буџетската сметка;

- ангажманите во научно-истражувачката и применувачката дејност се предмет на поединечни исплати по други основи (проекти и сл.) и не можат да служат како образложение за зголемен обем на работа на додипломските студии;
- вредноста на бодот во исплатите за зголемен обем на работа единствено зависи од расположливите средства на сметката за приходи остварени од самофинансирачки активности, при што во

некои месеци се извршени и по 3 или 4 исплати со различна вредност на бодот;

- дополнителната ангажираност на наставничкиот и соработничкиот кадар произлегува само од вршење образовни услуги на студентите кои целосно ги финансираат додипломските студии (редовни студенти во квотата со кофинансирање и вонредни студенти), а кои учествуваат со 35 % во вкупниот број на студенти. Остатокот од 65 % се редовни студенти во државна квота за кои кофинансира буџетот на РМ.
- според извршената анализа, од буџетската сметка за нето плата и персонален данок на доход се исплатени 20.778 илјади денари, а од ставката договорни услуги од оваа сметка примањата на вработените на Факултетот во просек се зголемени за 132,6%.

Заради горенаведеното кај Техничкиот факултет Битола е остварено прекумерна распределба на средствата од самофинансирачките активности во корист на надоместоците за зголемен обем на работа.

10.3.3. Согласно Правилникот за стекнување и распоредување на приходот од апликативна и научно-истражувачка дејност, Факултетот задржувал 4,8% од секој склучен и реализиран договор за вештачење. Спротивно на член 10 од истиот Правилник, износот по зафаќањето за Факултетот целосно се распределува за хонорари на директните и индиректните извршители вклучени во вештачењето, не задржувајќи средства за надоместување на материјалните трошоци (патни расходи, дневници и сл.) направени во функција на вештачењата. Од тие причини, материјалните трошоци целосно паѓаат на товар на приходите остварени по други основи, наместо на товар на приходите од вештачења за сообраќајни незгоди.

10.3.4. Ревизијата утврди дека за распределбата на приходите остварени од последипломски студии, Факултетот нема утврдено критериум за распоредување на истите за финансирање на дејноста на последипломските студии и финансирање на дејноста на Факултетот. Иако за реализација на наставата на последипломските студии се ангажираат просторните капацитети и опремата на Факултетот и се зголемуваат неговите режиски трошоци, Факултетот не задржува средства за финансирање на истите. Со оглед на тоа дека овие трошоци целосно паѓаат на товар на сметката на Факултетот, а приходите од последипломските студии се распределуваат исклучиво за хонорари на наставничкиот кадар вклучен во реализирањето на последипломските студии, истите се сведуваат на приватно организирана настава на државен факултет.

**Препораки**

1 Одговорниот сметководител да воспостави материјална евиденција на целокупниот тираж на учебниците и материјалите што се продаваат преку скриптарата на факултетот.

2 Исплатите за зголемен обем на работа на наставничкиот и соработничкиот кадар да се реализираат по основ на семестрално утврдениот надоместок за прекумерна ангажираност и зголемен обем на работа со студенти кои целосно ги финансираат додипломските студии, согласно Правилникот.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

***Овластен државен ревизор***

----------------------------

3 Распределбата на хонорарите да се врши по зафаќањето на средства за Факултетот и надоместувањето на материјалните трошоци во функција на вештачењето.

4 Техничкиот факултет Битола задолжително да издвојува процент од приходите остварени од последипломски студии за финансирање на дејноста на факултетот, односно покривање на режиските трошоци за реализацијата на наставата.

## 10.4. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.4.1. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во целосноста и точноста на Постојаните средства во Билансот на состојба во износ од 4.720 илјади денари поради не извршенето усогласување на вредноста на постојаните средства во финансиското сметководсто со аналитичката материјална евиденција, вклучување на потрошни материјали и ситен инвентар во материјалната евиденција на основните средства, и нереално проценета набавна вредност без соодветна сметководствена документација. Освен тоа, основните средства не се обележани со инвентарни броеви и не е подготвен извештај за извршениот попис од страна на пописната комисија, спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба може да има за последица необјективно и нереално прикажување на залихите и постојаните средства во Билансот на состојбата.

**Препорака**

1 Одговорниот сметководител да изврши разграничување на материјалите и ситниот инвентар од основните средства во аналитичката материјална евиденција и истата да ја усогласи со финансиското сметководство.

## 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

10.5.1. Од студентите на Техничкиот факултет Битола се наплатуваат надоместоци за образовни и административни услуги и по основи што не се утврдени во Усогласениот ценовник кој согласно Законот за високо образование е донесен од Советот за развој и финансирање на високото образование. Деканатската управа донела Одлука за висината на надоместоците за извршени услуги на студентите од страна на Техничкиот факултет Битола во која не само што утврдува основи за наплата надвор од Усогласениот ценовник туку и одобрените основи ги утврдува на повисок износ што има за ефект неосновано остварени приходи во вкупен износ од 2.294 илјади денари по следните основи:

- надоместоци наплатувани при упис на година во различна висина (2400, 2200 или 1050 денари) во зависност од годината која се запишува и дали уписот е во Битола или на дисперзираните студии во Велес на име: оштетување на инвентар, осигурување на студентите, папка со индекс, студентска легитимација, пријавни листови со таксена марка, информативен пакет и договор за студирање со што е остварен приход од 2.294 илјади денари, и
- приходи од уплати за полагање на испит спротивно на Усогласениот ценовник од Советот за развој и финансирање на високото образование кој предвидува уплата за полагање на испит за втор, трет и повеќе пати. Во текот на 2007 година согласно Одлука на

деканатската управа од 18.09.2007 година овој надоместок се наплатува независно по кој пат се полага испитот, додека Одлуката од 12.11.2007 година предвидува пријавување на испит без уплата за февруарската и јунската сесија, а за сите останати испитни сесии пријавувањето на испит се наплатува независно по кој пат се полага испитот. Ревизијата не беше во можност да го квантифицира износот на неосновано остварените приходи по овој основ бидејќи од банковите изводи не може да се утврди по кој пат се врши пријавувањето на испитот.

10.5.2. Надоместоци што ги плаќале студентите на дисперзираните студии во Велес за компјутерска мрежа, солидарен фонд, културно уметнички потреби, студентски гласила и слично во висина од 1.250 денари врз основа на Одлука од Деканатската управа, кои што согласно конкурсот за запишување на студенти во прва година на високообразовните установи на Универзитетот„ Св климент Охридски„ Битола требало да бидат уплатени на сметките на Универзитетот во вкупен износ од 154 илјади денари;

10.5.3. Спротивно на Одлуката на Универзитетот Св. Климент Охридски сите потребни документи (индекси, студентски легитимации, пријавите за испит, обрасци) кои се заштитени со посебен печат на Универзитетот да се набавуваат од Ректоратот, Техничкиот факултет пријавите за полагање на испит ги печати во приватни печатници избрани во постапка за јавна набавка од мала вредност, користејќи го заштитниот знак на Универзитетот. Факултетот пријавите ги продава по продажна цена утврдена од страна на Универзитетот и на овој начин незаконски остварил приходи во износ од 471 илјада денари на сметка на Универзитетот.

10.5.4. Спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи приходите остварени од давање под закуп на објектите кои што се во државна сопственост Техничкиот факултет Битола не ги уплатувал во Буџетот на Република Македонија и на тој начин во текот на 2007 година неосновано остварил приходи во висина од 523 илјади денари.

10.5.5. Спротивно на Законот за извршување на буџетот на РМ утврдено е ненаменско користење на буџетските средтства кај Технички факултет Битола во следните случаи:

- врз основа на Одлуки од Деканатска управа на наставничкиот и соработничкиот кадар за развој на наставните планови и програми , а на административниот и технички персонал за копирање на материјали за априлската и ноемвриската испитна сесија исплатени се 732 илјади денари; .
- исплата на јубилејни награди за непрекината работа од 10, 20 и 30 години во вкупен износ од 132 илјади денари врз основа на Одлука од деканатската управа.

**Препораки**

1 Деканатската управа да го усогласи Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите на Техничкиот факултет Битола со Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за

образовни и административни услуги на високообразовните установи донесен од страна на Советот за развој и финансирање на високото образование. За наплата на надоместоци за услуги кои што не се утврдени во Ценовникот од Советот да се обезбеди согласност од истиот, во спротивно да се напушти праксата на наплата на овие надоместоци.

2 Во иднина Техничкиот факултет Битола средствата што ги уплатуваат студентите при уписот да ги насочува на сметките наведени во Конкурсот на Универзитетот „Св Климент Охридски„ Битола.

3 Техничкиот факултет Битола набавката на пријавите за полагање на испит како и другите документи со заштитен знак на Универзитетот да ја врши преку Ректоратот на Универзитетот „Св Климент Охридски„ .

4 Приходите од закупнина да се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија кои што во согласност со Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи се уплатуваат на сметката 840-6478 - Приходи од продажба и закуп на средства во државна сопственост, кои престанале да ги користат органите на државната власт- приходно конто 733128.

5 Да се воспостават интерни контроли кои ќе обезбедат законитост на донесените одлуки од Деканатската управа.

11. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 10.3.1. и 10.3.2. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Технички факултет Битола- Сметка за приходи од самофинансирачки активности на ден 31.Декември.2007 година.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 10.5. кај Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Технички факултет Битола- Сметка за приходи од самофинансирачки активности, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

Скопје, 05.01.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 47,248 | 39,583 |
| **Вкупно приходи** | **47,248** | **39,583** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 90 | 67 |
| Стоки и услуги | 44,076 | 37,822 |
| Субвенции и трансфери | 745 | 39 |
| **Вкупно тековни расходи** | **44,911** | **37,928** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1,999 | 1,749 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,999** | **1,749** |
| **Вкупно расходи** | **46,910** | **39,677** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **338** | **(94)** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 429 | 137 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 146 | 99 |
| **Вкупно тековни средства** | **575** | **236** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 4,720 | 3,658 |
| **Вкупно постојани средства** | **4,720** | **3,658** |
| **Други средства** | 331 | 331 |
| **Вкупна актива** | **5,626** | **4,225** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 93 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 246 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **339** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 5,287 | 4,225 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **5,287** | **4,225** |
| **Вкупна пасива** | **5,626** | **4,225** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **3,895** | **330** | **4,225** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,955** | **-** | **1,955** |
| Набавки | 1,955 | - | **1,955** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **893** | **-** | **893** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 893 | - | **893** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **4,957** | **330** | **5,287** |